*Република Северна Македонија*

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Бр. 57-508/ 4
19 јули 2023 година
**С к о п ј е**

Врз основа на член 75 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 87/21) генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија донесе

**ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ПЛАН**
**за јавни набавки во 2023 година на Собранието на Република Северна Македонија**

Годишниот план за јавни набавки во 2023 година на Собранието на Република Северна Македонија заведен под арх. бр. 57-508/1 од 31.01.2023 година, Измена и дополнување на годишен план за јавни набавки во 2023 година на Собранието на Република Северна Македонија заведен под арх. бр. 57-508/2 од 23.05.2023 година и Дополнување на годишен план за јавни набавки во 2023 година на Собранието на Република Северна Македонија заведен под арх. бр. 57-508/3 од 07.06.2023 година во делот II – Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги по точката 54 се додава нова точка 54а.

| Ред. бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ЗПЈН | Вид на договор | Вид на постапка | Проценета вредност | Очекуван почеток на постапката (месец) | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги** | | | | | | |
| 54а. | Набавка на проектна документација - Основен проект за обновување, фаза Архитектура со ревизија за реконструкција на северна фасада | 71322000-1 | Работи | Поедноставена отворена постапка | 180.000,00 | Јули | Дополнувањето на ГПЈН е согласно барањето од Секторот за технички работи заведено под арх.бр. 03-3659/1 од 11.07.2023 година |

**Генерален секретар,**
Цветанка Иванова

**Изработил:** Елизабета Г. Николовски
**Контролирал:** Александра Л.Трифунов
**Одобриле:** Јасмина Которчевиќ Лидија Ѓатовска

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во Годишниот план за јавни набавки за 2023 година е планира набавка на работи – поправки на зграда, односно реконструкција на фасадата на Собранието на Република Северна Македонија и надзор над изведените работи. Со цел спроведување на оваа набавка, потребно е исполнување на законската обврска за изработка на проектна документација. По завршување на постапката за изработка на проектна документација, Собранието ќе ја започне набавката на работи за поправки на зграда, за којашто во зависност од завршување на работите, плаќањето може да се изврши со планирани средства во Буџетот во 2023 година или 2024 година.

Поради тоа, од страна на Секторот за технички работи е предложено дополнување на Годишниот планот за јавни набавки во 2023 година со еднократна јавна набавка на „Набавка на проектна документација - Основен проект за обновување, фаза Архитектура со ревизија за реконструкција на северна фасада“ која не е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2023 година (барање заведено под арх бр. 03-3659/1 од 11.07.2023 година).